2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.09-1055/11
27.09.2024 год.
Ранковце

Совет на Општина Ранковце
Претседател
Александра Стамболиска - Јовановска,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Решението за разрешување од должноста членови на Управниот одбор на Јавното комунално претпријатие Чист ден-Ранковце

1.Се прогласува Решението за разрешување од должноста членови на Управниот одбор на Јавното комунално претпријатие Чист ден-Ранковце, донесено на 44-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 27.09.2024 година.

2.Решението за разрешување од должноста членови на Управниот одбор на Јавното комунално претпријатие Чист ден-Ранковце, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.08-1105/9
01.10.2024 година
Ранковце

Општина Ранковце
Градоначалник
Борче Спасовски, с.р.

Врз основа на член 17 став 3 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/1996, 9/1997, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 138/2014, 25/2015, 61/2015, 39/2016, 64/2018, 35/2019 и

„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/2019, 89/2022 и 274/2022), член 36 став 1 алинеја 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02), член 23 став 1 алинеја 40 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22) Советот на Општина Ранковце на 44-та седница, одржана на ден 27.09.2024 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
За разрешување од должноста членови на Управниот одбор на Јавното комунално претпријатие Чист ден-Ранковце

1. Од должноста членови на Управниот одбор на Јавното комунално претпријатие Чист ден-Ранковце се разрешуваат:

- Виктор Стојчевски;
- Бранкица Станковска;
- Чеде Лазаревски;
- Ацо Митовски; и
- Боби Младеновски.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.09-1055/12
27.09.2024 год.
Ранковце

Совет на Општина Ранковце
Претседател
Александра Стамболиска - Јовановска,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Решението за разрешување на член во Училишен одбор на О.О.У. „Христијан Т. Карпош„ -Ранковце, претставник на Општина Ранковце

1.Се прогласува Решението за разрешување на член во Училишен одбор на О.О.У. „Христијан Т. Карпош„ -Ранковце, претставник на Општина Ранковце, донесено на 44-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 27.09.2024 година.

2.Решението за разрешување на член во Училишен одбор на О.О.У. „Христијан Т. Карпош,, -Ранковце, претставник на Општина Ранковце, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.08-1105/10
01.10.2024 година
Ранковце

Општина Ранковце
Градоначалник
Борче Спасовски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 алинеја 5 од Законот за локална самоуправа („ Службен весник на Република Македонија “ бр. 2/05), член 106 став 2 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 161/19 и 229/20) и член 23 став 1 алинеја 26 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце, на 44-та седница одржана на ден 27.09.2024 година, донесе

Р е ш е н и е
за разрешување на член од Училишен одбор на Општинското основно училиште „Христијан Тодоровски- Карпош“- Ранковце, преставник на Општина Ранковце

1. Од должноста член на Училишниот одбор на Општинското основно училиште „Христијан Тодоровски - Карпош“ - Ранковце, преставник на Општина Ранковце, се разрешува Димитар Цветковски.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во Службен гласник на Општина Ранковце.

Бр.09-1055/13
27.09.2024 година
Ранковце

Совет на Општина Ранковце
Претседател
Александра Стамболиска -Јовановска,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Решението за именување на член во Училишен одбор на О.О.У. „Христијан Т. Карпош„ -Ранковце, претставник на Општина Ранковце

1.Се прогласува Решението за именување на член во Училишен одбор на О.О.У. ,,Христијан Т. Карпош,, -Ранковце, претставник на Општина Ранковце, донесено на 44-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 27.09.2024 година.

2.Решението за именување на член во Училишен одбор на О.О.У. ,,Христијан Т. Карпош,, -Ранковце, претставник на Општина Ранковце, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.08-1105/11
01.10.2024 година
Ранковце

Општина Ранковце
Градоначалник
Борче Спасовски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 алинеја 5 од Законот за локална самоуправа („ Службен весник на Република Македонија “ бр. 2/05), член 106 став 2 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 161/19 и 229/20) и член 23 став 1 алинеја 26 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр .9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце, на 44-та седница одржана на ден 27.09.2024 година, донесе

Решение
за именување на член во Училишен одбор на О.О.У. „Христијан Тодоровски-Карпош“- Ранковце, преставник на Општина Ранковце

1. За член во Училишниот одбор на Општинското основно училиште „Христијан Тодоровски - Карпош“ - Ранковце, преставник на Општина Ранковце се именува Роберт Стефановски од с. Љубинци, Општина Ранковце.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во Службен гласник на Општина Ранковце.

Бр.09-1055/14
27.09.2024 година
Ранковце

Совет на Општина Ранковце
Претседател
Александра Стамболиска -Јовановска,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина

Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување во Општина Ранковце за 2025 година

1.Се прогласува Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување во Општина Ранковце за 2025 година, донесена на 44-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 27.09.2024 година.

2.Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување во Општина Ранковце за 2025 година, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.08-1105/12 **Општина Ранковце**
01.10.2024 година **Градоначалник**
Ранковце **Борче Спасовски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02), член 20-б став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.143/19, 14/20 и 215/21) и член 23 став 1 алинеја 40 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце бр.09/2005, 04/2010, 03/2011, 11/2015, 4/2019 и 5/2022), Советот на Општина Ранковце, на 44-та седницата, одржана на ден 27.09.2024 година, донесе

О Д Л У К А
за давање согласност на
Годишниот план за вработување во Општина Ранковце за 2025 година

член 1

Се дава согласност на Годишниот план за вработување во Општина Ранковце за 2025 година Бр.04–981/1 од 30.08.2024 година донесен од Градоначалникот на Општина Ранковце.

член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.09 -1055/15 **Совет на Општина Ранковце**
27.09.2024 година **Претседател**

Ранковце **Александра Стамболиска Јовановска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Одлуката за давање на позитивно мислење на Програмата за изведување на ескурзиите, излетите и други вонучилишни активности на учениците од Општинското основно училиште „Христијан Тодоровски - Карпош“ - Ранковце, за учебната 2024/2025 година

1.Се прогласува Одлуката за давање на позитивно мислење на Програмата за изведување на ескурзиите, излетите и други вонучилишни активности на учениците од Општинското основно училиште „Христијан Тодоровски - Карпош“ - Ранковце, за учебната 2024/2025 година, донесена на 44-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 27.09.2024 година.

2.Одлуката за давање на позитивно мислење на Програмата за изведување на ескурзиите, излетите и други вонучилишни активности на учениците од Општинското основно училиште „ Христијан Тодоровски - Карпош“ - Ранковце, за учебната 2024/2025 година, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.08-1105/13 **Општина Ранковце**
01.10.2024 година **Градоначалник**
Ранковце **Борче Спасовски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 алинеја 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02), член 7 став 1 од Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта бр.12-13487/1 од 19.11.2019 година донесен од Министерот за образование и наука и член 23 став 1 алинеја 40 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 04/10, 03/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце на 44-та седница одржана на ден 27.09.2024 година, донесе

О Д Л У К А
За давање на позитивно мислење на Програмата за изведување на ескурзиите, излетите и други вонучилишни активности на учениците од Општинското основно училиште „ Христијан Тодоровски - Карпош“ - Ранковце, за учебната 2024/2025 година

член 1

Со оваа Одлука се дава позитивно мислење на Програмата за изведување на ескурзиите, излетите и други вонучилишни активности на учениците од Општинското основно училиште „ Христијан Тодоровски - Карпош“ - Ранковце, за учебната 2024/2025 година бр.02-15/9 од 17.07.2024 година

член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Ранковце.

Бр.09-1055/16
27.09.2024 год.
Ранковце

Совет на Општина Ранковце
Претседател
Александра Стамболиска Јовановска, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Решението за именување на член во Управен одбор на Јавна здравствена установа Здравствен дом „Академик Проф. Д-р. Димитар Арсов“ Крива Паланка

1.Се прогласува Решението за именување на член во Управен одбор на Јавна здравствена установа Здравствен дом „Академик Проф. Д-р. Димитар Арсов“ Крива Паланка, донесено на 44-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 27.09.2024 година.

2.Решението за именување на член во Управен одбор на Јавна здравствена установа Здравствен дом „Академик Проф. Д-р. Димитар Арсов“ Крива Паланка, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.08-1105/14
01.10.2024 година
Ранковце

Општина Ранковце
Градоначалник
Борче Спасовски, с.р.

Врз основа на член 100 став 3 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 153/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21 и 150/22), член 36 став 1 алинеја 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02) и член 23 став 1 алинеја 40 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22) Советот на Општина Ранковце на 44-та седница, одржана на ден 27.09.2024 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
За именување на член во Управен одбор на Јавна здравствена установа Здравствен дом „Академик Проф. Д-р. Димитар Арсов“ Крива Паланка

1. За член во Управниот одбор на Јавната здравствена установа Здравствен дом „Академик Проф. Д-р. Димитар Арсов“ Крива Паланка, преставник на Општина Ранковце се именува Ленче Добрашиновиќ од с. Ранковце, Општина Ранковце.
2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“

Бр.09-1055/17
27.09.2024 год.
Ранковце

Совет на Општина Ранковце
Претседател
Александра Стамболиска - Јовановска,с.р.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА
МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ

Бр. 22-270/13

11.09.2024 год.

РАНКОВЦЕ

Врз основа на член 62 став 10 од Закон за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија “бр.32/2020) Градоначалникот на Општина Ранковце, на предлог на Комисијата за урбанизам формирана од страна на градоначалникот на Општина Ранковце со решение бр.08-213/1 од 10.02.2022 година, за одобрување на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на подземен линиски вод и базна станица за мобилна телефонија Герман-Пклиште, на дел од к.п.бр.6168/1 КО Герман, Општина Ранковце, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

за одобрување на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на подземен линиски вод и базна станица за мобилна телефонија Герман-Пклиште, на дел од к.п.бр.6168/1 КО Герман, Општина Ранковце

1. СЕ ОДОБРУВА Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на подземен линиски вод и базна станица за мобилна телефонија Герман-Пклиште, на дел од к.п.бр.6168/1 КО Герман, Општина Ранковце, со тех.број 0801-563/23 од април 2024 година, изработен од Друштво за трговија и услуги „ БИЛД УРБАН “ ДООЕЛ Скопје.
2. Вкупната површина во рамките на планскиот опфат изнесува 295 м2.
3. Составен дел на ова Решение е Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на подземен линиски вод и базна станица за

мобилна телефонија Герман-Пклиште, на дел од к.п.бр.6168/1 КО Герман, Општина Ранковце, со тех.број 0801-563/23 од април 2024 година, изработен од Друштво за трговија и услуги „ БИЛД УРБАН “ ДООЕЛ Скопје, а истиот го одобрува градоначалникот врз основа на мислењето за одобрување на урбанистичкиот проект од страна на Комисијата за урбанизам бр.22-270/8 од 01.07.2024 година.

4. Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени (Ажурирана геодетска подлога) со деловоден број 0801-53/4 од 04.04.2023 година, изработен од Друштво за катастарски и други геодетски услуги „Гео Мрежа“ ДОО Скопје;
5. Известување за електронска заверка на геодетски елаборат издадено од Агенција за катастар на недвижности-Одделение за катастар на недвижности Крива Паланка под бр. 1110-15/2023 од 04.04.2023 година;
6. Извештај од извршена стручна ревизија на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на подземен линиски вод и базна станица за мобилна телефонија Герман-Пклиште, на дел од к.п.бр.6168/1 КО Герман, Општина Ранковце, со тех.број 03-169/24 од мај 2024 година, извршен од Друштво за градежништво, трговија и услуги „НИМАЕР“ Благоја ДООЕЛ Струга

О б р а з л о ж е н и е

До Општина Ранковце доставено е барање преку информацискиот систем е-урбанизам број на постапка 59665, заведено под број 22-270/1 од 15.02.2024 година, за одобрување на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на подземен линиски вод и базна станица за мобилна телефонија Герман-Пклиште, на дел од к.п.бр.6168/1 КО Герман, Општина Ранковце, со тех.број 0801-563/23 од април 2024 година, изработен од Друштво за трговија и услуги „ БИЛД УРБАН “ ДООЕЛ Скопје.

Комисијата за урбанизам формирана со решение бр.08-213/1 од 10.02.2022 година, даде Мислење за одобрување на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на подземен линиски вод и базна станица за мобилна телефонија Герман-Пклиште, на дел од к.п.бр.6168/1 КО Герман, Општина Ранковце, со тех.број 0801-563/23 од април 2024 година, бр. 22-270/8 од 01.07.2024 година, со предвидена класа на намена:

- E1.9- подземен телекомуникациски вод и телекомуникациска антена

Во границите на планскиот опфат планирана е 1 градежна парцела со следните основни класи на намена:

- E1.9- подземен телекомуникациски вод и телекомуникациска антена согласно Правилникот за урбанистичко планирање („ Сл. Весник на РСМ“ бр.225/20 и 219/21).

Врз основа на горенаведеното градоначалникот констатира дека се исполнети условите од член 62 став 10 од Закон за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија “бр.32/2020), и Правилникот за урбанистичко планирање („ Сл. Весник на РСМ“ бр.225/20 и 219/21) и врз основа на тоа се одлучи како во диспозитивот на решението.

Изработил,

Моме Крстевски

Општина Ранковце

Градоначалник

Борче Спасовски

РЕПУБЛИКА С. МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ

Бр. 22-876/13

19.09.2024 год.

РАНКОВЦЕ

Градоначалникот на Општина Ранковце, врз основа на член 50 став 1 точка 15 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр.

09/05, 04/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 05/22), а во врска со член 84 и член 86 од Законот за општата управна постапка („ Службен весник на Република Македонија“ бр.124/15 и 65/18) го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на јавна објава

Согласно член 84 и член 86 од Законот за општата управна постапка („ Службен весник на Република Македонија“ бр.124/15 и 65/18) да се изврши јавна објава во дневен печат кој се дистрибуира на целата територија на Република Северна Македонија во текот на два последователни дена, поради неможност за уредна достава на известување до сите непосредни соседи-сопственици на катастарски парцели кои граничат со КП бр.1787/2, КО Псача, како и сите заинтересирани странки, дека на ден 23.08.2024 година со број 22-876/8 е издадено одобрение за градење на станбена куќа-А1, на к.п.бр.1787/2 КО Псача, објект од втора категорија и заверен е основен проект-PDF и DWG документи со техн. број 66/2024 од април 2024 година, изработен од Друштво за производство, градежништво, промет и услуги ДИКИ-ПРОЕКТ Стојадин ДООЕЛ експорт-импорт Илинден, с. Кадино.

1. Ова решение да го изврши одделение за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина, локален економски развој и јавни дејности.
2. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

Изработил,

Моме Крстевски

Општина Ранковце

Градоначалник

Борче Спасовски

РЕПУБЛИКА С. МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ

Бр. 22-876/14

19.09.2024 год.

РАНКОВЦЕ

ЈАВНА ОБЈАВА

Општина Ранковце, Одделение за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина, локален економски развој и јавни дејности, поради неможност на уредна достава на известување до непосредни соседи за издавање на одобрение за гредење со намена на градба: домување во станбена куќа-А1, објект од втора категорија, на к.п.бр. 1787/2 КО Псача, ги известува сите непосредни соседи-сопственици на катастарски парцели кои граничат со КП бр.1787/2, КО Псача, како и сите заинтересирани странки дека на ден 23.08.2024 година со број 22-876/8 е издадено одобрение за градење на станбена куќа-А1, објект од втора категорија на к.п.бр.1787/2 КО Псача, на инвеститорот Мирче Димитровски од Крива Паланка ул. „ 11 Октомври“ бр.84 и заверен е основен проект-PDF и DWG документи со техн. број 66/2024 од април 2024 година, изработен од Друштво за производство, градежништво, промет и услуги ДИКИ-ПРОЕКТ Стојадин ДООЕЛ експорт-импорт Илинден, с. Кадино

Согласно член 62-а став 1 од Законот за градење Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/ 11, 54/11, 13/12, 144/13, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 103/16 и 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18) и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 224/19, 18/20, 279/20 и 227/22), заинтетесираните странки можат да извршат увид во документацијата од управната постапка во просториите на Општина Ранковце соба број 2, во Одделение за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина, ЛЕР и јавни дејности и тоа секој работен ден од 09-15 часот, во рок од 15 дена.

Доколку не се јават или не назначат полномошник ќе сметаме дека е извршена уредна достава и евентуалните негативни последици кои можат да настанат ги сносат самите странки.

Општина Ранковце

Градоначалник

Борче Спасовски

С О Д Р Ж И Н А

1. Заклучок за прогласување на Одлуката за прифаќање на иницијативата за изменување на Деловникот на Советот на Општина Ранковце
2. Одлука за прифаќање на иницијативата за изменување на Деловникот на Советот на Општина Ранковце
3. Заклучок за прогласување на Одлуката за изменување на Деловникот на Советот на Општина Ранковце
4. Одлука за изменување на Деловникот на Советот на Општина Ранковце
5. Заклучок за прогласување на Одлуката за формирање на Совет за превенција на детско престапништво во Општина Ранковце
6. Одлука за формирање на Совет за превенција на детско престапништво во Општина Ранковце
7. Заклучок за прогласување на Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко-планска документација за село Петралица за к.п. бр. 8348, КО Петралица
8. Одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко-планска документација за село Петралица за к.п. бр. 8348, КО Петралица
9. Заклучок за прогласување на Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко-планска документација за село Петралица за к.п. бр. 3183 и к.п.бр.8634, КО Петралица
10. Одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко-планска документација за село Петралица за к.п. бр. 3183 и к.п.бр.8634, КО Петралица
11. Заклучок за прогласување на Одлуката за резервирање на средства за експропријација во Буџетот на Општина Ранковце за 2024 година
12. Одлука за резервирање на средства за експропријација во Буџетот на Општина Ранковце за 2024 година
13. Заклучок за прогласување на Решението за изменување на Решението за формирање на Комисија за процена и утврдување на висината на штетата настаната од природни непогоди и други несреќи
14. Решение за изменување на Решението за формирање на Комисија за процена и утврдување на висината на штетата настаната од природни непогоди и други несреќи
15. Заклучок за прогласување на Решението за разрешување од должноста членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално финансиското работење на Јавното комунално претпријатие Чист ден-Ранковце
16. Решение за разрешување од должноста членови на Надзорниот одбор за контрола на материјално финансиското работење на Јавното комунално претпријатие Чист ден-Ранковце
17. Заклучок за прогласување на Решението за разрешување од должноста членови на Управниот одбор на Јавното комунално претпријатие Чист ден-Ранковце
18. Решение за разрешување од должноста членови на Управниот одбор на Јавното комунално претпријатие Чист ден-Ранковце

19. Заклучок за прогласување на Решението за разрешување на член во Училишен одбор на О.О.У. ,,Христијан Т. Карпош,, -Ранковце, претставник на Општина Ранковце
20. Решение за разрешување на член во Училишен одбор на О.О.У. ,,Христијан Т. Карпош,, -Ранковце, претставник на Општина Ранковце
21. Заклучок за прогласување на Решението за именување на член во Училишен одбор на О.О.У. ,,Христијан Т. Карпош,, -Ранковце, претставник на Општина Ранковце
22. Решение за именување на член во Училишен одбор на О.О.У. ,,Христијан Т. Карпош,, -Ранковце, претставник на Општина Ранковце
23. Заклучок за прогласување на Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување во Општина Ранковце за 2025 година
24. Одлука за давање согласност на Годишниот план за вработување во Општина Ранковце за 2025 година
25. Заклучок за прогласување на Одлуката за давање на позитивно мислење на Програмата за изведување на ескурзиите, излетите и други вонучилишни активности на учениците од Општинското основно училиште „Христијан Тодоровски - Карпош“ - Ранковце, за учебната 2024/2025 година
26. Одлука за давање на позитивно мислење на Програмата за изведување на ескурзиите, излетите и други вонучилишни активности на учениците од Општинското основно училиште „Христијан Тодоровски - Карпош“ - Ранковце, за учебната 2024/2025 година
27. Заклучок за прогласување на Решението за именување на член во Управен одбор на Јавна здравствена установа Здравствен дом „Академик Проф. Д-р. Димитар Арсов“ Крива Паланка
28. Решението за именување на член во Управен одбор на Јавна здравствена установа Здравствен дом „Академик Проф. Д-р. Димитар Арсов“ Крива Паланка
29. Решение за одобрување на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на подземен линиски вод и базна станица за мобилна телефонија Герман-Пклиште, на дел од к.п.бр.6168/1 КО Герман, Општина Ранковце
30. Решение за објавување на јавна објава
31. ЈАВНА ОБЈАВА

----------/----------